СТОЈАН ХРИСТОВ – АМЕРИКАНСКИ ПИСАТЕЛ ОД МАКЕДОНСКО ПОТЕКЛО



Стојан Христов (15.VIII.1897 - 24.I.1996) е американски писател, публицист, новинар и сенатор на сојузната држава Вермонт. По потекло е Македонец, роден во село Кономлади, Костурско, Егеска Македонија. Во 1910 година, на 13 годишна воздраст, со група селани и покрај волјата на своите родители и тој отпатувал на печалба во Соединетите Американски Држави (САД). Една од причините што мнозина заминале на печалба била неподносливата економско-политичка состојба во Егејска Македонија.

Во Америка, Христов најпрво работел како физички работник во ложарницата во градот Сент Луис, а потоа на изградба на железничката линија во снежните степи на сојузната држава Монтана, каде многу македонски печалбари ги оставиле коските во овој дел од Америка.

Откако заработил одредена сума на пари заминал за Чикаго, каде посетувал вечерни часови по англиски јазик. По неколку месеци се запишал на Колеџот по историски студии на Valparaiso University, Индијана. По осумнаесет месеци, Христов ги прекинал студиите и повторно заминал да работи на железницата во Монтана. Таму работел во група со други Македонци и откако заработил доволно средства се вратил на Универзитетот. Студиите кои ги започнал во 1918 година, иако со прекини поради недостаток на средства, успешно ги завршува во 1922 година.

По дипломирањето, Христов работел како новинар и уредник на неколку весници во Чикаго. Од 1922 до 1925 година работел како уредник на весникот „House Organ“ од Чикаго, а во меѓувреме се стекнал со американско државјанство (1924 г.). Во 1925 година, Христов започнал да работи како новинар во чикашкиот весник „Daily News“, во кој објавува повеќе натписи за емигрантите со кои го привлекува вниманието на јавноста. Како Македонец, Христов посебно се интересирал за политичката состојба во својата татковина, па во периодот од 1927 до 1929 година работел како специјален дописник од Балканот за „Daily News“.

Од 1929 до 1941 година, Христов со прекини работел како слободен писател во Њујорк, а потоа се преселил во Вермонт, каде живеел се` до крајот на животот. Во меѓувреме, во 1937 година склучил брак со Маргарет Вутерс Халовел, која има индијанско потекло. Како писател пишува повеќе раскази и романи со историска тематика, која го обработува мачниот ропски живот на македонскиот народ, како и

неговата борба за слобода.

Според историските податоци е забележано дека во текот на Втората Светска војна, како добар познавач на балканските прилики, Христов станал американски воен разузнавач. Од 1942 до 1944 година, тој работел како аналитичар и предавач во Одделот за воени известувања во Пентагон.

По Втората Светска војна во 1952-1953 година, Стојан Христов престојувал на Балканот како дописник на северноамериканското новинарско здружение „НАНА“. Во 1953 година на покана на тогашното раководство и Матицата на иселениците од Македонија, Христов со својата сопругата Маргарет Вутерс Халовел престојувал во Македонија.

Стојан Христов активно се вклучува во општествено-полтичкиот живот по враќањето во САД. Во 1964 година Стојан Христов станал сенатор на американската држава Вермонт. На оваа позиција останал се до 1973 година. Во текот на својот живот тој активно учествувал во повеќе општествено-хуманитарни акции. Стојан Христов, со својата новинарска, законодавна и писателска работа оставил значаен белег во американското и во македонското општество.

Како Сенатор, Христов сам си ги пишувал говорите и учтиво се залагал против било каква дискриминација да биде озаконета во Уставот на Вермонт. Од 1925 – 1974 година Христов напишал и објавил над стотина литературни раскази и публицистички трудови за културата и традициите на балканските народи.

Во 1953 година на покана на Лазар Колишевски со својата сопруга Маргарет ја посетил Македонија, како гостин на Матица на иселеници на Р. Македонија и Друштвото на писатели на Македонија. Тогаш, тој, посетата ја оценил како една од највозбудливите моменти во животот, а другиот возбудлив настан се случил кога неговата автобиографска книга, романот „Ова е мојата татковина“ бил најден на канцелариската маса во Белата Куќа на Франклин Рузвелт, веднаш по неговата смрт, со што тој и станал познат и на американската јавност.

Во 1985 повторно престојувал во Република Македонија, кога му била доделена академската титула „Почесен доктор по филолошки науки“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и бил избран за дописен член на МАНУ. Тогаш во Друштвото на писателите на Македонија е формирана фондацијата „Стојан и Маргарет Христов“.

Стојан Христов е автор на повеќе раскази, романи и публицистички трудови во кои, главно, постојана инспирација му е Македонија, минатото на македонскиот народ и особено бурните времиња пред и во времето на Илинденското востание. Тој претставува наш прв писател што во романескна форма, иако на друг јазик, говори за трагичната судбина на Македонецот во виорите на времето, останувајќи и целиот свој живот верен на таа своја љубов и инспирација.

Стојан Христов ги има напишано следниве книги: „Херои и убијци“ (1935), „Мара“ (1937), „Ова е мојата земја“ (1938), „Лавот од Јанина“ (1941), „Мојот американски аџилак“ (1947) и „Орелот и штркот“ (1976).

Поради својата тематска инспирација и поради верноста кон македонските теми и кон македонскиот народ, Стојан Христов и припаѓа и на нашата литература и култура. Затоа Обединетите македонски издавачи пристапија кон објавување на неговите собрани дела на македонски јазик, со што се врши прво поцелосно приопштување на неговиот опус кон нашата литература.

По повод излегувањето на романот на Христов “Мојот американски аџилак“ на македонски јазик во 1985г., во предговорот на книгата, Георги Старделов забележа: “Најпосле, големиот романсиерски опус на Стојан Христов го приопштуваме на неговиот мајчин македонски јазик. Тоа е настан од првостепено културно значење и за овој бележит писател и за нашата национална култура, настан рамен на пример, на

приопштувањето на познатите епоси на Григор Прличев од грчки на македонски јазик. И кога сега, го констатирам фактот на вклучувањето на ова обемно прозно дело на Стојан Христов во матицата на македонската литература на 20-от век, тоа ме воведува во далечни и длабоки, тажни и болни реминисценции за македонскиот од по пеколот, или за македонскиот дел од пеколот што ни го открива и со кое не соочува едноставното и длабоко натопеното со македонскиот трагизам раскажување на Стојан Христов".

Животното и литературното дело на Стојан Христов има идентична судбина. Тоа е дело во кое се открива судбината на еден Македонец што станал Американец и судбината на еден Американец кој станал Македонец. Таа двојна судбина на С.Христов го впива во себе сето негово литературно дело: тие имено два слоја, тие две судбински нишки, тие два сихрониски тека наизменично се проникнуваат едно во друго низ целокупниот негов раскажувачки опус. Стојан Христов е затоа автор на два јазика, на две истории, на две литератури. Тој тоа и самиот го вели: "Ние сме Македонци по раѓање, Американци по избор…Ние сме усвоени синови и ќерки на Америка, но Македонија е нашата природна мајка и ние не можеме да ја заборавиме. Сакајќи ја Америка и должејќи и ја верноста, ние би биле безвредни синови и ќерки на Америка ако немавме љубов во нашите срца за почвата што не хранеше во нашето детство, за јазикот што го зборувавме како деца и што не го заборавивме…"

Обемното и значајно литературно дело на Стојан Христов допрва ќе се вреднува и оценува од нашата литературна критика и историја. Што се однесува до американската критика, таа го има оценето како раскажувач кој спаѓа во најславната група на писатели кои не пишувале на својот мајчин јазик, заедно со Џозеф Конрад и Набоков. Споредуван е со Бајрон, Емерсон, Витман. За "Орелот и штркот" е пишувано како за назначајно дело на деценијата што се појавило во Америка. Со еден збор, Стојан Христов, преведуван на повеќе јазици, е писател од светски формат. Благодарејќи му нему, македонските теми влегоа не само во американската, туку и во светската литература.

Убаво е да спомнеме дека професорката Даница Цветановска докторирала на тема: „Стојан Христов – живот и дело", по тој повод таа има објавено и своја книга со ист таков наслов. А во фелтонот на Нова Македонија „Не раскажана приказна за Стојан Христов", д-р Цветановска ги објавува искажувањата на г-ѓа Маргарет Христова, од која дознаваме за последните денови од животот на нејзиниот сопруг, неговата оставнина, како и за писмата што ги добивал и испраќал кај многу познати личности во Америка и светот. За смртта негова еве што кажала г-ѓа Христова: – Стојан почина на 24.1.1996 година. Тој смртта ја дочека дома со зборовите „мајко", „мајко" на македонски јазик. Кога Стојан го погребувавме и времето плачеше по него. Силната снежна виулица беше придружник на скромниот погреб на великанот Стојан Христов.

Пишува: СЛАВЕ КАТИН